РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 21-4244/1
01.08 2017 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ

---

# УПАТСТВО
## за измена и дополнување на Упатството за внатрешниот ред во зградата на Владата на Република Македонија

СКОПЈЕ, ________.2017 ГОДИНА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 13/06, 82/08, 167/10, 36/11 и 51/11), член 39 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14 и 196/15), Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, донесе:

# УПАТСТВО
## за измена и дополнување на Упатството за внатрешниот ред во зградата на Владата на Република Македонија

Член 1

Во членот 8 ставот 1 алинеа 1 и 3 се менуваат и гласат:

- **Главен влез** – се отвора во 8:00 часот и се затвора во 22:00 часот, а може да биде отворен и подолго од утврденото време и тоа со претходна најава за доаѓање на официјална делегација или по претходно одобрение на генералниот секретар
- **Службен влез бр. I и II** – се отворени само во работни денови и тоа согласно Одлуката за утврдување на работното време на администрацијата.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

Во случај на потреба од работа подолго од утврденото работно време (прекувремена работа) од страна на вработените во Генералниот секретаријат, се користи само главниот влез и тоа со претходна најава и одобрение од страна на Генералниот секретар.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА**
**ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Д-р Драги Рашковски**

Подготвил:Зорица Стојановиќ